# „Блажината каде и да е, ја разубавува секоја работа, а таму каде што изостанува таа работа се нагрдува.“

Аиша, радијаллаху анха, жената на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, пренесува дека Аллаховиот пратеник рекол: „Блажината каде и да е, ја разубавува секоја работа, а таму каде што изостанува таа работа се нагрдува.“
[صحيح] [رواه مسلم]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, ни кажува дека нежноста и љубезноста, со зборови и дело, ги разубавуваат и усовршуваат сите нешта и дека оној што ги има овие особини, со поголема можност ќе ја исполни својата потреба. Недостатокот на благост ги расипува работите и оној кој не ја поседува нема да си ја исполни потребата. А ако успее да го постигне тоа, ќе го постигне на потежок начин.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5796